ЗНМ: Правда за новинарката Душица Мрѓа за „27-ми Април“: значаен чекор напред во борбата против заканите врз медиумските работници

04/09/2024 - 14:22 279

Од: **А1он**

SHARE

Симболот на неказнивност на нападите кон новинарите, на слободата на говорот и правото на информирање на граѓаните, денот кој во јавноста е познат како „црниот четврток“, 27-ми април 2017 година конечно после седум години добива делумна правда за новинарите.

Добивај вести на вибер

Во еден од случаите за слободата на медиумите и правата на новинарите, Основниот граѓански суд – Скопје донесе пресуда во корист на новинарката Душица Мрѓа, која беше нападната за време на своето извршување на работните обврски на 27-ми април 2017 година во Собранието

на новинарите и слободата на изразување како основни темели на демократското општество. Пресудата е значаен чекор напред во борбата против заканите и притисоците врз медиумските работници.

Изминатите седум години наместо правосудните органи да ја вршат својата работа, дел од новинарите, фоторепортерите и снимателите беа тие кои сами ја бараа правдата низ судските ходници помогнати од адвокатите на ЗНМ.

Денеска правдата ја виде светлината на денот. Имено, во Основниот граѓански суд Скопје, за случајот со Душица Мрѓа, која беше една од нападнатите новинарки за време на упадот во Собранието, доби разрешница.

Во пресудата стои дека се задолжува тужениот Република Северна Македонија да ја обештети по основ на надомест на нематеријална штета поради претрпен страв, како и по основ на повреда на правото на слобода на изразување.

Да потсетиме дека после нападот, колешката Мрѓа беше првата новинарка

идентификувани, туку дел од нив беа осудени, а дел амнестирани.

Други новинари исто така имаат тековни постапки за овој случај за кои ЗНМ со внимателност ги следи. За потсетување, дел од фактите за овој случај се следните:

На 27-ми април 2017 година повеќе од 20 новинари беа под закана и напад и им беше забрането да известуваат на местото на настанот.

Во периодот од 2017 до 2018 година беа поднесени првите тужби од страна на новинари и медиумски работници против непознати лица и против државата, барајќи правда за физичките и вербалните напади врз нив за време на настаните во Собранието. Овие тужби беа насочени кон откривање на идентитетот на напаѓачите, барање компензација за нанесените повреди и оштетена опрема, како и барање за одговорност од страна на државата за пропусти во безбедносниот протокол
Од 2018 до 2019 година се случија првите судски одлуки кои не беа во корист на новинарите, поточно судовите ги одбиваа тужбите, често поради недоволни докази

Наташа Стојановска со образложение дека немале докази дека имало упад и немале телесни повреди.

Во 2023 година Апелациониот суд Скопје ја одби жалбата на Горан Трпеноски против Основниот граѓански суд – Скопје, кој претходно му ја отфрли тужбата против државата за 27-ми април 2017 година.

Уставниот суд во јули 2023 година утврди повреда на слободата на јавно изразување на мислата на новинарот Влатко Стојановски од ФОКУС за време на настаните во Собранието на 27-ми април 2017 година. Според судот, во две пресуди – една од Граѓанскиот суд – Скопје од 2021 година и една од Апелациониот суд Скопје исто од 2021 година е пропуштено да се утврди и повреда на слободата на изразување.

Во јануари 2024 Уставниот суд донесе одлука со која се потврдува дека на колешката Душица Мрѓа, новинарка од ТВ24 е прекршена слободата на изразување, а со тоа и повредено правото на граѓаните да бидат информирани за

сериозно и ефикасно да ги истражат сите напади на новинарите и одговорните да бидат казнети. Битката за правото на информирање и правото на слободно вршење на новинарската работа нема да застане тука. Оние кои ги повредуваат правата на новинарите потребно е да разберат дека напад на новинар, во исто време е напад и врз слободата на говорот, правото на граѓаните да се информираат и на демократијата воопшто.

Со измените на Кривичниот закон, казните за напаѓачите се зголемени, а обвинителството постапува по службена должност.

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА

Комеморација во чест на новинарот Саше Димовски

Се предаде Дејан Давидовски Дешо, баран по меѓународна потерница за настаните од 27 април

СДСМ: Пандов пушта од затворите лица осудени за 27 април

наредбата од организациската директорка на Токсикологија

на режимот на ДПМНЕ кој не смееме да дозволиме да се повтори

биде пуштен на слобода, а МВР да ја информира јавноста за причините за неговото приведување

Facebook Twitter Instagram Youtube

Импресум Контакт Маркетинг Услови за користење

@2019 - A1on. Сите права задржани.